# "Стринг форсис" јавно ќе ја истражува својата музика

Дориан Јовановиќ и Александра Кузман (и двајцата членови на групата "Стринг форсис") задутре ќе настапат во клубот "Лудница". Но, членовите на бендот ќе настапат под името "proSFact 1". Всушност, тоа ќе биде серија настапи на сите членовите од "Стринг форсис", во различни музички комбинации, со различни музички концепти, кои ќе бидат експериментални.

Со ова групата "Стринг форсис" прави едно јавно истражување во создавањето на нејзината музика, која ќе се најде на нејзиниот нов албум.

"proSFact 1" ќе истражува меѓу електронската музика и акустиката, психоделичниот фанк, ретро од 80-тите години и попот.

*(А Г)*






# Во продажба билетите за "Златна бубамара на популарноста"

Денес, од 16 часот, на билетарницата на Универзалната сала во Скопје и во ТА "Дипломатик" во "Беверли Хилс" ќе се продаваат билетите за годинешната, јубилејна 10-та "Златна бубамара на популарноста" по цена од 600 денари.

Скопското радио "Бубамара" го организира шоуто секоја година и ги наградува најпопуларните на македонската естрада од минатата година.

Од радиото оставија да ги откриеме изненадувањата за време на шоуто и најавија дека годинешен добитник на наградата за животно дело е култната група **"Лева патика",** која ќе се реоформи специјално за овој повод и ќе настапи со незаборавната "Неправда"од 1977 година.

# Казино ги објави коцкарските загуби на мажот на Селин Дион

**ЛАС ВЕГАС (АП)** - Во обид да ја каже вистината за еден од своите најдобри муштерии, хотелот-казино "Сизарс палас" направи невообичаен чекор и ги објави коцкарските загуби на сопругот и менаџер на Селин Дион, Рене Анжелил.

Казиното го стори тоа поради текст во лондонскиот "Обсервер" во кој е цитирана претставничка на матичната компанија на "Сизарс", која вели дека Анжелил троши на коцка дури милиони долари неделно. Џен Џоунс, потпретседателка за комуникации и односи со јавност на сопственикот на "Сизарс", "Харас ентертеинмент", подоцна рече дека зборувала хипотетички и дека не знае колку пари троши тој на коцка.

Таа се извини и за тоа што му го спомнала името.

"Сизарс" завчера соопшти дека загубите на Анжелил во казиното за 2005 и 2006 се точно 230.300 долари, но дека тоа е покриено со неговите добивки на покер-турнирите од вкупно 259.079 долари. Казиното вели дека ги објавува бројките со негова дозвола.

"Во животот и во бизнисот Рене е победник и еден од најдобрите што ги знам", изјави претседателот на "Сизарс", Гери Селеснер. "Сизарс палас" се извинува за секаква непријатност настаната поради шпекулациите во медиумите.

Ангажманот на Дион во "Сизарс" на речиси пет години истекува на 15 декември. "Сизарс" нема објавено кој ќе ја замени.

